

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА**

**ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА - ДЕТСКА ГРАДИНКА**

**“8- ми АПРИЛ”ШУТО ОРИЗАРИ - СКОПЈЕ**

**период**
**Септември 2018 - Август 2019**

## 1. ВОВЕД

Детската градинка „ 8 Април“ на Општина Шуто Оризари е јавна установа и нејзината основна дејност е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Оваа дејност се остварува преку згрижување, престој, нега, исхрана на децата, нивно воспитание и образование,спортско-рекреативни, културно-забавни активности,зачувување на здравјето,

поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот и социјалниот развој на децата, до нивно поаѓање во училиште. Во поставување на основите на работата на детската градинка се тргнува од правата на децата- секое дете има право на згрижување, воспитание, образование и вклучување во животот и работата на градинката. Програмските задачи кои градинката ги реализираше во текот на воспитно-образовната година беа во соглсност со потребите на предучилишно воспитание и образование и неговото воспитно-образовно дејствување, со можностите и способностите на децата како и почитување на индивидуалните особености на децата.Својата работа детската градинка ја засноваше на почитување на законските, статутарните и програмските регулативи како и најновите педагошко-психолошки сознанија.

## ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

- Програма за рано учење и развој
- Стандарди за рано учење и развој за децата од 0-6 години
- Закон за заштита на децата ;
- Закон за вработените во јавниот сектор;
- Закон за административни службеници ;
- Уставот на Република Македонија;
- Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата;
- Програмата за работа на Градинката за 2018/19 година;
- Други законски,подзаконски акти , програми и публикации;
- Најновите педагошко –психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини.
- Позитивните искуства и постигнатите резултати на градинката во реализирањето на згрижувачко воспитната дејност.

Во остварувањето да основната дејност на Градинката, приоритетни цели и задачи беа следните:

**Реализирани проектите по иницијатива на МТСП :**

- ,, Подари книга ,,
- ,,Бон-тон за деца ,,
- ,,Градот низ децките очи ,,
- ,, Рециклирање со имагинациии,,

- ,, Ликовно воспитување ,,
- ,,Од дете за дете"
- ,,Рециклирање со имагинација’’
- ,,Моја хигиена - моја навика’’
- ,,Здрави животни навики"
- ,,Традиционални игри,,
- ,, Етно музички инстументи ,,
- ,, Етно проект,,
- ,, Спорт и спортски активности ,,

- ✓ Условите кои ги обезбедува градинката за реализација на целите, задачите и програмските содржини;
- ✓ Позитивните искуства и резултатите кои ги постигнала градинка 8-ми Април на општина Шуто Оризари во град Скопје во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко-воспитна и образовна активност;
- ✓ Најновите педагошко –психолошки научни сознанија за детските развојни и интелектуални потенцијали;
- ✓ Педагошко-психолошка литература за развој на детето до поаѓање во училиште.

Добро организираното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст преставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од образование и воспитание е од голем општествен интерес.Оттаму, се е насочено кон подобрување на условите за практична апликација на хуманистичко-педагошкиот и психолошки правец кој е во функција на развој на хумана,креативна , слободна и творечка личност. Имајќи ги предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во Градинката, во текот на 2018/2019г. се реализираа стратегии и педагошки акции, се во насока на создавање и градење на институција во рамките на која децата ќе престојуваат безгрижно, удобно, ќе растат и ќе се развиваат во вистински личности кои ќе се карактеризираат со безброј позитивни особини.Кога станува збор за апликација на хуманистичко-педагошкиот и психолошки правец во работата на нашата установа , со други зборови би значело дека поголем акцент се посветува на личноста на детето во живеењето во едно семејство и во работата на предучилишната утанова.

- ❖ **Во остварувањето на основната дејност на Градинката, приоритетни цели и задачи беа следните:**

- Создавање на оптимални просторни и хигиенски услови и здрава исхрана;
- Опременост на воспитните групи со соодветен инвентар, играчки, дидактички средства, реквизити за игри и слободни активности;
- Игрите и игровните активности кај децата, со цел правилен физички и сензо –моторен развој, развој на основните движења, спретност, точност и одмереност;
- Развивање на социјални вештини, негување на другарство, градење партнерски односи, толерантност, развивање на самодовербата на личноста на детето;
- Развивање на љубопитноста и интересите на детето како основен мотив за поттикнувањето на сознајно-интелектуалниот развој, подржување на неговите

интереси за сознавање и учење, поставување и развивање на неговите елементарни математичко-логични размислувања ;
- Поттикнување на персоналните и индивидуалните специфичности, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни психо-физички потреби ;
- Практикување тимска работа во реализирањето на дејноста, поттикнување на креативноста на секој поединец;
- Унапредување на згрижувачко-воспитната дејност преку стручно усовршување на вработените, следење на современата научна теорија и пракса, применување на иновации во реализирање на воспитно-згрижувачката дејност, организирање интерни семинари и едукации, индивидуално стручно усовршување и др.;
- Развивање партнерски односи и соработка со семејствата на децата;
- Воспоставување соработка со органите на Локалната самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на воспитанието и образованието, јавните установи за деца и други стручни и научни институции и органи.

❖ **Во насока на постигнување на целите од овој сегмент од работењето во текот на изминатата година беа превземени следниве чекори:**

- Опремување на просториите(занималните) со нова дидактичка опрема се во насока на создавање на максимално добри услови за престој на децата во градинка;
- Оплеменување, освежување и перманентно одржување на внатрешниот ентериер со цел поудобен , поздрав и хигиено- технички високо задоволителен простор за престој на децата во градинка.

❖ **Реализација на воспитно-образовни активности во рамките наустановата:**

- Театарски престави;
- Гостувања на надворешни лица (соработници) во градинката;
- Приредби, дружења и хепенинзи;
- Ликовни работилници;
- Реализација на проекти со препорака од нашето ресорно министерство – МТСП на Р.Македонија;
- Реализација на стручно –едукативни активности и други форми на работа во рамките на планираното во Развојниот план на установата.

❖ **Реализација на воспитно-образовните активности надвор од установата:**

- Посети, прошетки и гостувања во институциите од најразличен тип;
- Посета на училишта;
- Посета на музеи;
- Посета на центарот на градот и сите споменици и останати знаменитости
- Реализација на активности од областа на екологијата и воопшто пошироката природна средина која не опкружува и која треба да ја сакаме и чуваме;

❖ **Подобрување на условите за работа**

За прифаќање на работата со децата од предучилишна возраст,во континуитет, во текот на целата измината година, продолжија активностите во насока на одржување на постоечките услови за работа согласност со сите прописи правила за добро работење и добар и здрав престој не децата во градинката. Во тековната година имавме неколку санирања на казанчиња, чешми во детските тоалети, сијалици бојлер машината која ја префрла водата од кујна до одводна мрежа и сл. Во просторот каде што сме сместени имавме поголе проблем со протекување на вода од плафонот во просторот каде што е сместена чајната кујна па бевме принудени да кршиме дел од зидот на самиот простор поради потреба да се исуши местот.

Перманентно се водеше грижа за исправноста на опремата и просториите во објектот на установата.

- ❖ **Одржување на тревниците во дворот на објектот.**

Во поглед на уреденоста на дворната површини, конкретно може да се дефинира што е сработено во следниве насоки:

- Одржување и уредност на тревната површина заедно со песочникот со дополнителна подршка од вработените од локалната самоуправа

Во текот на целата измината година веќе е реализирано:

- Хортикултурно уредување на просторот околу објектот што значи дека во континуитет се внимава на уреденост на дворот, трвата, песочникот;

- ❖ **Опремување на објектот**

- Предвидените набавки на дидактички и игровен материјал за овој извештаен период на установата и во сите возрасни групи, се набавени, со што се реализира
- Опремување со стручна и литература за деца;
- Опремување со дидактички материјал (донација добиена од градото Нинберг).

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЧКО-ВОСПИТНАТА РАБОТА СО ДЕЦА

Имајќи ги во предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања, во 8-ми " Април", во текот на 2018/2019 година примарно се реализираа, или се отпочнаа со реализација стратегии и педагошки акции во насока на создавање и градење на институција во рамките на која децата ќе престојуваат безгрижно, удобно, ќе растат и ќе се развиваат во вистински личности кои ќе се карактеризираат со безброј позитивни особини.Кога станува збор за хуманистичко педагошко-психолошкиот правец во работата на нашата установа, тоа со други зборови би значело дека голем акцент се посвети на издигнување на личноста на детето на централното место и неговото семејство во работата на установата.

Имено, изминатата воспитна година,целокупната работа се темелеше наконтинуирано продолжување на прифаќање на максимално дозволена бројка од сите возрасти со што максимална енергија,напори и ангажмани се вложија во опремување на простории (занимални) со нова дидактичка опрема во насока на создавање на максимално добри услови за престој на децата,како и осмислување на критериуми за упис на деца во градинка.

Организираната работа во Градинката се реализираше преку поделбата на децата по возрасни групи кои се утврдени со Законот за заштита на децата. Во сите воспитни групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветна опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Во преден план беше обврската да се обезбеди безбедна средина,организиран простор за движење, игра и учење, а поттикнувачки фактор беше волјата на детето, инспиративниот материјал и слободниот пристап на детето кон игра и истражување.

За остварување на наведените цели, во Градинката постојат објективни просторни можности, односно секоја воспитна група имаше своја занимална додека . Во објектот,непостои сала за повеќе намени, во која не се реализират активностите од физичко воспитување а приредбите со децата се реализираат во Ходник или Занимална. Во контекст на просторните услови со кои располага Градинката се в склоп на СУ ,,ШаипЈусуф ,,како привремен престој до изградба на новиот објект .

- ❖ **Организација, внатрешно уредување и услови за работа на градинката**

Во градинката престојуваат деца претежно од Ромска националност.Ромскиот Ресурсен Центар (РРЦ) преку грант добиен од Ромскиот едукативен Фонд донација од Европска унија за учебната 2018/19година направи резервација за **126 деца со почеток од месец Октомври 2018 до Јуни 2019 година**.

* Проектот Инклузија на деца во предучилишно образованиее преку директна подршка од невладината организација РРЦ и Локална самоуправа Шуто Оризари. Проектот вклучува обезбедување на партиципација на деца врз основа на дневна присутност за целодневен престој. Правилата и условите за соработка се потишани преку меморандум за соработка со споменатите подржувачи и детската градинка. Врз основа на бројот на деца вклучени во градинката споменатите чинители се обврзани да плаќаат партиципација за овој број на деца :

1. РРЦ во проектот Инклузија покрива 116 деца
2. Локална самоуправа Шуто Оризари покрива 10 деца

Врз основа на програмските активности заупис на деца во градинката се оформи комисија од воспитувачи кои имаа задача да вршат пријави и упис на деца во втората половина од месец Август.

Појдени од претходното искуство градинката вршеше прием без при тоа да бидеме информирани дали проектот подржан и имплементиран преку МТСП ќе продолжи со подршка на деца.

Прв официјален допис за продолжување со соработка но овој пат со нови партнери добивме на 22.11.2018 година од проектниот координатор Ипек Усеинова од РРЦ за отпочнување на соработка и подршка за вкупно 116 деца од ранливи семејства.

Табелата подолу е направен пресек на запишани деца во градинката заклучно со 01.11.2018 година

| | | Вкупно деца (2-9) | Деца по возраст | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 1 година | 1 година | 2 години | 3 години | 4 години | 5 години | 6 години и повеќе |
| a | b | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 9 |
| **ВКУПНО** | **Вкупно** | 140 | | | 3 | 25 | 63 | 48 | 1 |
| | **женски** | 64 | | | 1 | 11 | 32 | 19 | 1 |
| Деца во развоен период до 2 години | се | | | | | | | | |
| | женски | | | | | | | | |
| Деца во развоен период од 2 години до тргнување во училиште | се | 134 | | | 3 | 25 | 61 | 45 | |
| | Женски | 63 | | | 1 | 11 | 32 | 19 | |
| Комбинирана група | Се | | | | | | | | |
| | Женски | | | | | | | | |
| Деца со пречки во развој | Се | 6 | | | | | 2 | 3 | 1 |
| | женски | 1 | | | | | | | 1 |
| Групи на деца – центар за ран децки развој во состав на градинката | се | | | | | | | | |
| | женски | | | | | | | | |

Поради надминување на бројо на деца кои се подржани преку проектот бевем приморени да ги остраниме нередовните деца и да исчистиме списоци од редовни деца кои не треба са се надмине резервираниот број.

Во градинката се прави редовно проверување на присуство на дете како од страна на воспитните тимови така и од ангажираното лице преку проектот Фатима Ибраими како медиатор кој има за задача да известува и проверува неоправдано отсуство на дете во градинката и истото дете да биде отстрането од списоци и да се вклучи ново дете во група.

Во градинката заклучно од 01.Септември 2018 до 30 Јуни 2019 во следната тебела ќе се презентира вкупен број на вклучени деца и вкупен број на осипани или (деца кои немаа континуитет на доаѓање ).

Мора да се потенцира дека не успевме да ги згрижиме сите деца односно имавме долга листа на чекање .

| Воспитна група | возрасна група | вкупен број запишани до 30,06,2019 | машки | женски | осипани вкупен | Вкупно на 03.06. 2019 | Од нив машки | Од нив женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| Наташа - Шукрија | 2,6 - 3,10 | 34 | 20 | 14 | 15 | 19 | 10 | 9 |
| Невена - Сунита | 3,11-4,11 | 32 | 18 | 14 | 13 | 19 | 10 | 9 |
| Вики - Џени Шаска | 3,11-4,11 | 31 | 14 | 17 | 3 | 28 | 13 | 15 |
| Мира - Вики | 5 до 6 | 37 | 18 | 19 | 7 | 30 | 15 | 15 |
| Жане - Тени | 5 до 6 | 33 | 18 | 15 | 3 | 30 | 16 | 14 |
| | | | | | | | | |
| Вкупно | | 167 | 88 | 79 | 41 | 126 | 64 | 62 |

**ЛИСТА НА ЧЕКАЊЕ** заклучно со 25,04,2019

| возрасна група | вкупен број запишани | машки | женски |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Јаслена група | 9 | 6 | 3 |
| Родени во 2015годин | 16 | 9 | 7 |
| Родени во 2014 годин | 20 | 11 | 9 |
| | | | |
| | 45 | 26 | 19 |

❖ **Персонал**

Вкупно во градинката вработени во овој извештаен период со редовен работен однос се 19 вработени заклучно со Мај 2019 од Од 25 Мај 2019 има вкупно 14 вработени во редовен работен однос.

- 1 Директор
- 5 Воспитувачки (Вики С. Невена Ч, Мира С, Наташа С, Снежана М, )
- 2 Негователки (Вики Н, Шукрија У)
- 2 Садомијачки (Васка И. , Севдиа С.)
- 1Хигиеничарка (Љутвија И. )
- 1 Градинар - чувар (Невзат А.)
- 2 чувари ( Рамче А. Орхан А.)

❖ **<u>Прекин на работен однос</u>**

- 4 Негователки (Сунита С , Тени Узеир С , Џенита З и Шазија Ј од Мај 2019 поради поништување на оглас) ,
- 1 Педагог ( Имерзат Т.С. од Мај 2019 поради поништување на оглас )

❖ **<u>Со договор на дело во градинката се ангажирани</u> :**

- 1 Негователка Силвана Исмаилангажирана од Март 2019 година) ,
- 3 Негователки од Јуни 2019 (Џенита Зекир , Тени Узеир Селим и Шазија Јаја)
- 1 Педагог од Јуни 2019 ( Имерзат Точи Сулејмани ) ,
- 1 Перачка Јулија Абаз од Април 2018 во тек ,
- 1 Хигиеничарка Санела Адем од Ноември 2017 година во тек .

## 4.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ГРАДИНКА

Во објектот на Градинката,се реализираше воспитно-згрижувачка дејност со деца на возраст до 6 години, односно до поаѓање во основно училиште. Согласно Законот за заштита на децата во Градинката се примаа и деца до 10 годишна возраст доколку за истите има лекарски наод дека треба да продолжат со згрижување во детска градинка. Воспитните групи беа формирани и работеа согласно нормативот од 08-35 деца во група, во зависност од возраста на децата. Во секоја група работеа по два извршители, воспитувач и негувател, а по потреба два воспитувачи или два негуватели и еден воспитувач.

Просторните услови во кои се реализираше воспитно-згрижувачката дејност се адаптирани, така да децата имаа добри услови за престој, слободни активности, игри и воспитно-образовна работа. Сите воспитни групи беа опремени со соодветен мебел сообразен со возраста на децата, куклени катчиња со играчки, а секоја група располагаше со богат и разновиден дидактички материјал, што значи дека децата престојуваа во добра стимулирачка воспитна средина. При опремувањето на групите со постоечкиот мебел на преден план беше определбата за овозможување безбедена средина и доволно простор за слободно движење, игри и учење на децата.

Воспитувачите и негователите водеа сметка за холистичкиот развој на децата како и за приоритетните потреби за детскиот развој. Во планирањето на воспитните активности се

водеше сметка за комплементарната поврзаност и меѓусебна условеност на сите домени, кои беа база на холистичкиот пристап за рано учење и развој на децата.

Во Градинката секогаш се водеше сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се провоцираше детската љубопитност и се насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

Во контекст на планираните активност не беше запоставена личноста на детето и неговиот инспиративен карактер, што беше секогаш во преден план во организираниот живот на детето.

Во секоја воспитна група по правило работеше еден воспитувач и еден негувател, а во одредени групи и по две негувателки, во зависност од потребите на децата и нивната возраст.

Превентивната здравствена заштита и здравствената заштита на децата од оваа возраст, перманентно се остваруваше во сите сегменти, односно здравјето на децата беше под постојана опсервација на воспитувачките и неговтелките.

Исхраната на децата како важен сегмент за правилен физички и психички развој на детето, беше во центарот на внимание и грижа на повеќе профили на извршители, почнувајќи од непосредните извршители-готвачите, па до стручните служби на Градинката и Заводот за здравствена заштита и затоа овој мултиплициран приод даде одлични резултати, односно резултатите за квалитетот на храната беа позитивно оценети од страна на Заводот за здравствена заштита.

## ❖ Реализација на посебните аспекти од воспитно- образовниот процес

Покрај интегралната разработка на сите програмски воспитно – образовниподрачја, при реализацијата на воспитно - образовниот процес се обрнавнимание и на следните аспекти:
- работно воспитание;
- развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики;
- културно - информативно и спортско - рекреативна дејност;
- еколошко воспитание.

Работното воспитание на децата се аплицираше во секојдневниотвоспитно - образовен процес со нив, преку следните активности:
- уредување на просторот и средување на играчките;
- активирање во воспитно - образовните и животните активности;
- поделба на обврски меѓу сите членови на групата (деца и возрасни);
- посета и контакти со соодветни лица и институции, запознавање со различни професии и активности на возрасните;
- играње игри на улоги и имитативни игри;
- презентирање модел на идентификација (примерот на возрасните):
- соодветни акции во дворот на градинката;
- разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови;
- реализирање активности за самопослужување и помагање на другите и сл.;

-развивање на љубов и интетрес кон одредени професии како иразбирање на тежината и спецификата која секоја работа и ангажман ја носат сосебе;
Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз:
- создавање работни навики;
- осамостојување во самопослужувањето од различен вид;
- создавање потреба за активирање;
- поттикнување на самоиницијативноста;
-градење љубов и потреба од работа како позитивен став кон ефектите одработата;
- запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби;
- создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа.

Развој на здравствено - хигиенски навики
Со цел поуспешно да се воспитуваат и развиваат здравствено -хигиенските и културно - хигиенските навики кај децата, во ЈДГ се презедоамерки на следните нивоа:
- конкретно преземени здравствени и хигиенски мерки;
- превземање на вонредни и интервентни мерки по однос на состојби коисе актуелни во средината во која се живее;
-Давање писмени насоки и укажувања до вработените и родителите одстрана на директорот на установата по однос на здравјето, здравата средина запрестој на децата исл.;
- воспитно - образовно дејствување врз децата заради заштита насопственото и туѓото здравје и заштита на околината;
- стручно усовршување на кадарот за создавање здравствено – хигиенскии културно - хигиенски навики кај децата.;
-активно спроведување на донесените и од страна на Влада на Северна РепубликаМакедонија препорачаните обврски за изработка и имплементирање на Акционипланови за заштита на населението (децата, вработените, родителите) воуслови на превисоки и прениски атмосферски температури.
Установата во целост ги спроведе и вклучи во пракса сите добиени насоки изаклучоци, делегираше задолженија, одговорности и насоки за постапување кои до овој момент се покажаа како целисходни, практични и соодветни наактуелните услови на работење.

Културно - хигиенските и здравствено - хигиенските навики се воспитуваакontinuирано во текот на целиот престој на детето во градинката,односно низ различните видови воспитно - образовни содржини и низреализацијата на животните активности на детето. Секако, во текот на годинатаи преземените мерки од страна на возрасните претставуваа модел надејствување врз сопственото и туѓото здравје (проветрување на просториите,редовна промена на постелнината, редовно миење на рацете, користење натечен сапун и средство за дезинфекција на рацете, уредување на просторијата,уредност и култура при исхраната и сл.).
За стручно усовршување на кадарот по однос на овој вид воспитно – образовнодејствување се реализираа чести разговори, консултации, размена на искуствамеѓу кадарот, како и консултација и презентација на стручна литература и честово текот на годината од страна на директорот беа давани инструкции и насокиза работа и постапување во писмена форма.

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### *5.1. Реализација на Упатствата кои се дел од програмските активности предвидени со Програмата за рано учење и развој, за 2018/19 година*

❖ **ТРАДИЦИОНАЛНИ ИГРИ**

Да се сочува традицијата и да се вткае во современите текови представува предизвик за воспитувачите и за сите вработени вклучени во воспитниот процес, за излегување од рамката која се однесува само на денешницата и да се изнајдат најдобри начини и содржини кои ќе ја развијат кај децата свеста за убавото и значењето на традицијата и сегашноста, создавајќи подобра основа за иднината. Темелна цек на овој проект е да се обезбеди на децата прилагодена и богата средина која ќе го поттикнува раниот детски развој и ќе овозможи задоволување на детските потреби за чување и развивање на националното,духовното и материјалното наследство на својот народ.

Со поголема примена на традиционалните игри се има за цел развој на поим за себе (од каде потекнува) љубов кон самиот себе и родниот крај, развој на чувство на приподност кон одреден колектив, развивање на љубов, интерес, чувство на патриотизам, почитување, грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родното место и местото на живеење.

Во прилог следуваат неколку реализирани содржини интегрирани во редовната програма на градинката:

**03.09.2018 год. „ Добро дојдовте дечиња „**Дочек на дечињата од страна на Воспитниот кадар 8-ми Апри.



**12.09.2018 год. „22-ве годишница на Шуто Оризари„ Изработка на Знамето на Општината Шуто Оризари по повод денот на Општината од страна децата од градинката.**



**03.10.2018 год. „Одбележување на детска недела,, Децата Цртаат по своја слободна воља**



**16.10.2018 год. „ Одбележување на светскиот де на гладта,,**




Донација собрана од страна на децата кој ја поствуваат градинката по повод светскиот ден на гладта.
Намерниците кои беа собрани истите беа дадени на најранливите категории кои живеат во Општината Шуто Оризари.

**12.11.2018 год. „Есенски денови ,,**

Активност на децата од градинката во изработка на креации со есенски листови.



**10.12.2018 год. „ Боите на Зимата „**



Децата преку Цртежи ја објаснуваат Зимата и боите во неја .

**18.12.2018 год. „ Ново годишна елка „**



Воспитниот тим заедно со децата од градинката ја декорираа и китеа ново годишната Елка .

**26.12.2018 год. „ Дедо Мраз во Шутка „**



Представа во изведба на учениците од ОУ „Браќа Рамиз и Хамид„

**06.02.2019 год. „ На час по ликовно „ професор по лик.уметност .Ахмед Кадри**





Реализирана работилница со професор по лик.уметност .Ахмед Кадри при ОУ,, Браќа Рамиз и Хамид ,, .Децата во текот на работата употребуваа различити техники на сликање .

**18.02.2019 год. „Традиционални игри,,** Се изврши влијание врз воспитниот кадар да ги практикуваат традиционалните игри во поттикнување на холистичкиот развој кај децата. Континуирани традиционални активности со децата со цел стимулирање на развојот низ сите развојни аспекти кај децата. Поради тоа што овие игри барат поширок простор сала или двор многу често сме ограничени и неможеме во целотст да го исполниме акциониот план.



**08.03.2019 год. „ Доделување на осмо Мартовски честитки „ и Приредба по повод 8-ми Март „ Денот на жената „**

**01.04.2019 год. „Априлијада „ - Прославување на денот на шегата**

**05.04.2019 год. „Денот на Ромите „**

**17.04.2019 год. „ Практична работа на асистенти на РРЦ „ - Меѓународна проценка на раниот развој и учење.**

**22.04.2019 год. „ Сообраќај „ - Сигурност во сообраќајот , гости од СВР – Скопје**

**13.05.2019 год. „ Посета на градоначалникот на Нимберг – Германија ( донација )**

**20.05.2019 год. „ Професии „ во соработка со персонал од СУ „Шаип Јусуф „**

**23.05.2019 год. „ Социорекреативен карактер - Претстава со кловнови од странство на отворено одржана во дворот на ОУ „ 26 Јули „ во Шуто Оризари .**

**10.06.2019 год. „Цивџи Матуранти„**

## ❖ ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ

Предучилишната средина има е една од најзначајните општествани формации која има значајно влијание врз формирањето на личноста на детето.Затоа од ососбена важност е на детето да му се понуди средина,возрасен и активности преку кои детето ќе развие здрави животни навики и ќе стекне вештини за препознавање на опасни ситуации и вештини за опасно однесување во околината.Тоа првенствено подразбира развивање компетенции како што се самостојност во изведување на секојдневните активности поврзани со личната нега и хигиена, стекнување вештини за препознавање на опасни ситуации како и одговорно однесување кон околината, кон врсниците и возрасните со кои секојдневно стапуваат во интеракција.

Во прилог следуваат неколку реализирани содржини интегрирани во редовната програма на градинката:

**07.12.2018 год. „Креативни дечиња„( Здрава храна )**



## ❖ СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во текот на целата воспитна година дечињата од големите воспитни групи на возраст од 3 до 6 години зедоа учество во активности за зајакнување на грубиот и финиот моторички развој како што се:

- Развивање на основните движења - правилно дишење,одење и трчње
- Развивање на основните движења - потскокнување и скокање
- Развивање на основните движења - провлекување,ползење и качување, тркалање и фрлање
- Корективна гимнастика - игри со одење на прсти на рамна и нерамна подлога
- Корективна гимнастика - вежби за провлекување, ползење и качување
- Корективна гимнастика - вежби за тркалање,фаќање-фрлање
- Вежби во стоечка положба
- Вежби во седечка и лежечка положба

Покрај горе наведените содржини, дечињата од големите воспитни групи имаа можност потемелно да се запознаат о да учествуваат во низа спортски активности:

**16.05.2019 год. „Спортски активности „**



## ❖ СЕМЕЈСТВО И СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ

Семејството се формира во оној момент кога се создава живот како основна, темелна и животна филозофија. Како еден од клучните фактори за развој на единката, во целокупното општество. Тоа ја дефинира културата и системот на вредности на кои се темели социјализацијата. Првиот допир со надворешниот свет започнува од семејството. Семејството е светост а родителите морални икони и ѕвезди водилки. Тоа треба да се негува, чува ипочитува.

Во семејството се раѓаме, ги споделуваме првите радости, солзи, ги усвојуваме животните навики, се подготвуваме за животните и егзистенцијални потреби, учиме да сакаме, почитуваме. Се воспитуваме за моралните норми и вредности.Семејството е суштинско-коренот на секој човек .

Семејството еместо каде детето треба да се чувствува безбедно, сакано и прифатено.Семејството е, и ќе остане најважен столб,основа за секое дете ,а сложнотосемејство,основа за развивање и растење на детето . Токму поради тоа, во текот на целата години се интегрираа содржини во рамките на воспитно- образовбите планови во воспитни групи на возраст од 4 до 6 години.

## ❖ МОЈА ХИГИЕНА- МОЈА НАВИКА

Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето. Преку реализација на воспитно -образовниот процес предвиден во програмата, се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на личната хигиена.

Проектот „Моја хигиена -моја навика" е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики. Со имплементација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки на заштита, односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование.

Во прилог на текстот следуваат неколку активности кои беа реализирани со децата на возраст од 2 до 6 години:



**14.02.2019 год. „ Работилница со Центарот за јавно**
**здравје од Шуто Оризари„ док.Снежана Зоксимовска**

**29.05.2019 год. „Орална хигиена „ во соработка со СУ „Шаип Јусуф „**




## ❖ ГРАДОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ

**18.06.2019 год. „Посета на ЗОО и посета на Природнонаучниот музеј на Македонија во Скопје „**Децата од градинка 8-ми" Април" го посетија Природнонаучниот музеј на Македонија.Преку изложените експонати и разговорот со кустосот во музејот имаа можност да ги збогатуваат стекнатите знаења за животнискиот и растителниот свет, како настанале, каде ги има различните видови во природата, на кој начин се хранат, кои се нивни младенчиња и сл .Овие активности се реализираат со цел да се задоволи детската љубопитност и интерес за различните видови на животни, која најчесто се јавува на предучилишна возраст, да се влијае на развојот на визуелната перцепција со употреба на повеќе медиуми, да се развива детската фантазија и креативност преку обликување на животни од различни материјали, со примена на повеќе техники за работа.

 

**04.03.2019 год. „Во - Етно музејот„**





## ❖ БОН- ТОН

Бонтонот претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството. Бонтонот подразбира правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација од секојдневниот живот и најстрого ги осудува навредите и физичките пресметки. Тој нè учи како треба да се изразуваме, однесуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура, од што може да се изведе заклучок дека облиците и правилата на однесување не се идентични во сите делови од светот. Бонтонот секогаш се адаптира на ситуациите и потребите на луѓето кои живеат на одредена територија или општество, а со цел да овозможи пријатна атмосфера.

**22.11.2018 год. „ Емоции „**



## ❖ ОД ДЕТЕ ЗА ДЕТЕ

Овој проект е во насока на обезбедување наоблека, подароци како и друга детска опрема која ќе биденаменета за болните дечиња сместени во болниците иустановите низ Републиката, децата од ранливите категории идецата без родители и родителска грижа.

Проектот „ Од дете за дете“ е хуманитарна акција,од децата за децата, преку која уште од најмала возраст ќе гиучиме најмалите на хуманост и солидарност. Една од целите на проектот е децата да научат да бидат солидарни, да научат дапомагаат, да разберат колку е важно пријателството ипосветувањето внимание на лицата во социјален ризик,сочувството со оние

на кои им е потребна поддршка, да научат даги почитуваат потребите на другите. Следуваат неколку реализирани активности:

**02.10.2018 год. „Од дете за дете „ донирање „**




## ❖ РЕЦИКЛИРАЊЕ СО ИМАГИНАЦИЈА

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст, за бенефитите од селектирањето на отпадоци и негово рециклирање.

Иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна предност која треба да биде заштитена. Здравиот начин и свеста за проблемите на животната средина, за кои треба да сугерираме за поголемо внимание и почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси. Трасата започнува од природната љубопитност како и возбудата за истражување и откривање.

**27.03.2019 год. Прослава на денот на Театарот – во соработка со учениците од СУ „ Шаип Јусув „ Музичка драма „Убавицата и Зверот ,**



## ❖ ВОВЕДУВАЊЕ НА ПОЧИТ КОН РАЗЛИЧНОСТИТЕ И МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ ВО РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ ВО МАКЕДОНИЈА

Во рамките на проектот во објект 8-ми“Април” со дечињата од големата возрасна група од 4 до 6 годишна возраст беше реализира акционо истражување со цел да се утврди влијанието на музиката во развојот на мултикултурализмот кај децата на предучилишна возраст. Генерална

цел на проектот е воведување и запознавање на децата со универзалните човечки вредности и етички принципи: почитување, толеранција и прифаќање на културните различности преку примена на музичките традиционални игри, народни песни и ора.Бидејќи во нашето мерење, резултатите покажаа среден степен на почитување, толеранција и прифаќање на културните различности, можеме да константираме дека за постигнување на поголемо ниво на развој на позитивни ставови, мислења и желби на децата за прифаќање на културните различности, наопходно е покрај музичките содржини да се интегрираат и други видови на активности:психолошки работилници, приказни,групни игри, сложувалки, драмски и куклени изведби, пантомима, боење, цртање и т.н.,содржини застапени во поолесни и потешки варијанти за работа со деца со различно развиени вештини.

**12.03.2019 год. „ Етно проект во соработка со дел од Ансамблот „Танец „ гости проф.Бајса Арифовска и Емил Адамски.**



**26.03.2019 год. „ Растеме со класика „ Во соработка со Децкиот креативен центар.**



## 5.2.ГОДИШНО ПЛАНИРАНИ ТЕМИ И РЕАЛИЗИРАНИ

### СЕПТЕМВРИ

**Наслов на темата: Јас во градинка**

Цели на темата: Да се развива способноста за адаптација на нова средина , интерперсонални односи и комуникациски вештини.

Оваа тема беше реализирана во целост.Целта на темата беше запознавање со градинката и гругарчињата.Да се развива способноста за адаптација на нова средина, интерперсоналните односи и комуникациски вештини. Преку содржините одбрани во доменот Физичко здравје и моторен развој се влијаеше на развојот на моторичките вештини кај децата.Способноста да фаќа , турка , тркала.Способноста за координација на рацете и нозете при основните природни движења -одење , трчање , качување ... Преку доменот Социоемоционален развој кај децата се влијаеше на способноста за адаптација во нова средина , интерперсонални односи и комуникациски вештини.Децата се запознаа со својата воспитувачка и негователка , и распоредот на дневните активности.Во групата има многу нови деца .Кај некои деца адаптацијата траеше подолго .Има деца кои потешко ја прифаќат градинката и разделбата од блиските.Сите нови дечиња беа добро прифатени од другите деца ,а воедно другите им помагаа за полесно адаптирање во новата средина. Преку доменот Развој на пристап кон учењето децата се запозна со персоналот во градинката , просториите и другарчињата. Во доменот Јазик и комуникација се влијаеше кај децата да се развива вербална и невербална комуникација.Да се развива меморијата .Некои деца учеа зборови на македонски и децата го збогатува речникот бидејќи се мали и немале многу можност да се среќават со македонскиот јазик. Децата има можност да се запознат со ликовните техники и цртачките материјали.Имаа можност преку пеење и цртање да се изразат , и да учествуват во музички и ликовни активности.

## ОКТОМВРИ

**Наслов на темата:** **Јас во градинка**
**Цел на темата:** Да се развива способноста за адаптација на нова средина , интерперсонални односи и комуникациски вештини.

Оваа тема беше реализирана во целост.Целта на темата беше запознавање со градинката и гругарчињата.Да се развива способноста за адаптација на нова средина, интерперсоналните односи и комуникациски вештини. Преку содржините одбрани во доменот Физичко здравје и моторен развој се влијаеше на развојот на моторичките вештини кај децата.Способноста да фаќа , турка , тркала.Способноста за координација на рацете и нозете при основните природни движења -одење , трчање , качување ... Преку доменот Социоемоционален развој кај децата се влијаеше на способноста за адаптација во нова средина , интерперсонални односи и комуникациски вештини.Децата се запознаа со својата воспитувачка и негователка , и распоредот на дневните активности.Во групата има многу нови деца .Кај некои деца адаптацијата траеше подолго .Има деца кои потешко ја прифаќат градинката и разделбата од блиските.Сите нови дечиња беа добро прифатени од другите деца ,а воедно другите им помагаа за полесно адаптирање во новата средина. Преку доменот Развој на пристап кон учењето децата се запозна со персоналот во градинката , просториите и другарчињата. Во доменот Јазик и комуникација се влијаеше кај децата да се развива вербална и невербална комуникација.Да се развива меморијата .Некои деца учеа зборови на македонски и децата го збогатува речникот бидејќи се мали и немале многу можност да се среќават со македонскиот јазик. Децата има можност да се запознат со ликовните техники и цртачките материјали.Имаа можност преку пеење и цртање да се изразат , и да учествуват во музички и ликовни активности.

## НОЕМВРИ

**Наслов на темата: ЕСЕНСКИ СЛИКИ И ПРИЛИКИ**

**Темата „ЕСЕНСКИ СЛИКИ И ПРИЛИКИ“** беше успешно реализирана .Темата се продолжи бидејќи децата пројавија голем инерес за активностите врзани за есен. Стекнаа нови сознанија за есен,научија стихотворби и песнички врзани за ова годишно време,Проширија својот речник со нови зборови и воочија промени во природа.Прошетките беа веома чести ,децата се радуваа и набљудуваа сите промени.Сите ликовни творби беа интересни печативме со прсти,со овошје,игравме со суви лисја-цепи-лепи,боевме со теперни бои.Научија кои се боите на есента. Истрајни и креативни беа скоро во сите практични активности.редевме зимница во теглите,воочувавме вкусот на многу зеленчук. Понатака се развиваше фина моторика,умеат да истиснат боја од туба,голем број на деца умее да сече со ножици. Игравме со топки, газевме суви лисја,игравме со јажиња.Децата се дружат,играат заедно,и новите деца ги вклучуваат во игрите. Се развиваше емоционална интелигенција. Научија за метеоролошките појави во есен.Усвоивме цифрите на броевите од 1 - 5.Децата умеат да бројат а мал број распознава бројевите есенска работилница со родители не се одржа поради недостаток на материјали. Децата сакаат да редат слагалици каде што се развиваше нивното помнење и истрајноста.

## ДЕКЕМВРИ

**Наслов на темата**: **Зимска бајка**

**Цел на темата**: Запознавање со годишното време зима и празниците кои се празнуваат во овој период од годината

Оваа тема беше реализирана до 31 .12.2018 год. .Целта на темата беше децата да се запознаат со годишното време зима , промените кои настануваат во зима и празниците кои се празнуваат во овој период од годината . Физичко здравје и моторен развој-Во овој домен се влијаеше на развојот на ситната и крупната моторика и манипулативните вештини .Развој на перцептивните органи и координација на телото и одржување на рамнотежа . Социоемоционален развој - во овој домен се работеа активности преку кои се усвојуваа норми и обичаи во различни средини и ситуации .Се влијаеше на спознавање , препознавање , прифаќање и почитување на својата културна и етничка припадност и различностите во културниот и националниот идентитет на сите етнички заедници . Развој на пристап кон учењето -Преку активностите во овој домен кај децата се влијаеше на истрајноста , запознавање со одредени празници , логичкото размислување и сл. Развој на јазикот ,описменување и комуникација - Преку активностите се влијаеше на усовршување на јазикот и говорот , правилна артикулација и дискриминација на гласовите и богатење на речникот . Когнитивен развој и стекнување на општи знаења - Во овој домен реализиравме разни музички и ликовни активности преку кои се влијаеше на формирање на работни навики кај децата , самостојноста , истрајноста и логичкото размислување . За Нова година децата гледаа претстава со глумци од надвор .На децата многу им се допадна претставата и задоволството кај нив беше големо . Имавме и посета од Дедо Мраз и при посетата децата добија пакетчиња .

## ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ

Од 01.јануари до 22.јануари бевме на зимски одмор поради немање на парното греење.Со работа продолживме на 22.Јануари 2019 година .

**Наслов на темата:** Ти раскажувам приказна

**Цел на темата:** Децата се запознаа со приказните, бајките,басните и да можат да извлекуваат поука од истите

Ова тема не беше реализирана во целост .по иницијатива на педагогот и директорката преминавме на темата "електрична енергија". Целта на темата беше децата да се запознаат со приказните и басните и да научат да извлечат поука од нив . Физичко здравје и моторен развој-Кај децата се развиваа моторичките вештини и се усовршуваше функциојата на перцептивните органи. Се развиваше фината моторика и манипиулативните вештини( контролата на дланките и прстите). Социоемоционален развој - Кај децата се развиваше емоционалната интелигернција и позитивните

емоции . Децата се оспособуваа да ги контролираат емоциите и нивното изразување . Развој на пристап кон учењето - Кај децата се развиваше истрајноста во реализацијата на одредени започнати активности .Се влијаеше на креативноста низ процесот на учење . Развој на јазикот ,описменување и комуникација - Кај децата се влијаеше на способноста за слушање и разбирање на говорниот јазик. Се развиваше способноста за правилно зборување и елоквенција и комуникациски вештини . Когнитивен развој и стекнување на општи знаења - кај децата се влијаеше на способноста за размислување , критичко размислување и логичкото размислување . Влијаевме на самостојноста , вниманието и истрајноста во активностите . Влијаевме и на формирање на работни навики . Преку активностите одбрани од страна на педагогот за новата тема ,децата се запознаа со : Електрична енергија , како се добива електрична енергија , хидроцентрала и термоцентрала , штедење на електрична енергија , опасности од струен удар , кабли и сл. Имајќи ја во предвид возраста на децата и непознавањето на македонскиот јазик , јас се обидов да им ги објаснам работите онака како што умеев за да можат да разберат барем нешто .Децата запамтија дека реките прават струја , дека преку жица таа доаѓа во домовите, дека не треба да фаќаат во штекер и кои апарати работат на струја .

## МАРТ

**Наслов на темата:** **Боите во пролет**

**Цели на темата:** Децата се запознаа со годишното време пролет .

Ова тема беше реализирана во целост.Целта на темата беше децата да се запознаат со годишното време пролет , промените во природата,временските промени и појави , како и животот на инсектите , птиците и животните во овој поериод од годината. Физичко здравје и моторен развиој-Кај децата се развиваше контролата на движењата на дланките,ја одржуваа рамнотежата на телото,се движеа координирано со цел , и влијаевме да можат да ги контролираат деловите на телото. Социоемоционален развој-Децата ги препознаваа сопствените чувства и соодветно реагира.Градеа сопствен начин на изразување на чувствата прифатливи за другите. Развој на пристап кон учењето-Кај децата се влијаеше на креативноста низ ппроцесот на учење и развој,се развива способности за самостојно користење на внатрешната мотивација за изведување на посложени задачи. Развој на јазикот описменување и комуникација -се влијаеше кај децата да се поттикнува и развива интерес за читање книги.е развива способноста за смислено и граматички правилно изразување на своите мисли.Се влијаеше врз способноста за слушање , разбирање и доживување на јазикот. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења-Кај децата се влијаеше да се формираат работни навики,се поттикнуваше и развиваше логичкото размислување.кај децата се збогатуваше искуството како основа за стекнување нови знаења , вештини и умеења.

**<u>АПРИЛ</u>**

**Наслов на темата: Пролетно будење**

Цел на темата: Децата се запознаа со годишното време пролет и промените во него.Да се запознаат со временските појави-дожд , облаци ,ветер.Запознавање со животот на инсектите , птиците и животните во пролет.

**<u>МАЈ</u>**

**Наслов на темата: <u>Професии</u>**

**Цели на темата**: Децата се запознаа со различни професии

Во соодност со темата со децата се направи разговор ,, Што сакам да работам кога ќе пораснам ,, - Професиите на мама и тато Професија Лекар Трговец Професија - Полицаец Пекар Аптекар и друго ,

Да се развиваат способности за размислување Да се формираат работни навики Да се оспособуваат за користење на новите поими и претстави и нивно поврзување во систем на знаења .

**<u>ЈУНИ</u>**

**Наслов на темата: БРОЈКИТЕ И БУКВИТЕ ОКОЛУ НАС**

**Цели на темата:** Стекнување основни сознанија за буквите и броевите,распознавање,пишување и играње

**Темата** БРОКИТЕ И БУВИТЕ предизвика големо вниманије.Децата активно учествуваат во реализација на сите активности.Се обидувавме да пишуваме своето име,научивме за множества.умееме да броиме до 10 а некои деца и повеќе.Пишувавме броевите и ббуквите,ги препознававме и именувавме,Игравме друштвени игри ДОМИНО и НЕ ЉУТИ СЕ ЧОВЕЧе. Децата се истрајни во задачите и помагаат едни на другите.Препознававме бројките во приказните.Децата се сеќаваат на приказните што ги слушаа. Меривме должина,ширина,тежината и висината.Посетивме ЗОО парк и невладина НАДЕЖ.Другарувавме и стекнавме нови другарчиња. Се обидовме со активностите децата да ја засакаат математика.Знаеме да играме нови говорни игри.

## 6. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО РАБОТАТА НА ГРАДИНКАТА

Во интерес на успешната соработка со семејствата, на почетокот нагодината беше усвоен годишен план за таа цел. Тој беше разгледуван на нивона стручните тела и на ниво на родителски средби.

Планот ги предвиде следните форми на соработка:

- формални и неформални индивидуални разговори со родителите;
- средби со родители на новопримени деца;.
- општи и групни родителски средби;
- индивидуални средба на родителите со стручниот тим на установата исо директорот;
- учество на родителите во воспитно - образовниот процес, прекураскажување случки, приказни, песни, презентација на професии, изработка наиграчки, подготовка на приредби, прослави на родендени, учество воразновидни акции, учество на родител во едукација на други родители и сл.;
- приредби и прослави пред родители;
- писмено комуницирање со родителите;
- педагошка едукација;
- попладневни средби и дружења, работилници и сл.



Најчести и најуспешно реализирани форми беа индивидуалните контактисо родителите, средбите со родители на новопримените деца, писменокомуницирање, учеството на родителите во воспитно - образовниот процес,едукацијата на родителите и попладневните средби и дружења.

Писменото комуницирање најчесто се реализираше еднострано од градинкатакон семејството преку родителското катче и преку различни видови информацииво писмена форма.

Едукацијата на родителите се реализираше преку: стручни написи на влезнотопано, изложби на книги за развојот на децата; изложби на фотографии задетскиот живот во градинката, ликовни творби и слично.

Успешна форма на отвореност беше и вклучувањето на родителите вореализацијата на воспитно - обрзовниот процес, односно нивна вклученост во:активностите на децата по катчиња, организирање прошетки, родендени и сл.

Отвореноста на градинката кон семејството, покрај на ниво на установата, сепланираше годишно и периодично и на ниво на една воспитна група, а какопродолжение од минатите години.

Во текот на изминатата година успешно беа изведени попладневните средби идружења со родителите, на кои тие, заедно со децата и кадарот неформалноизработуваа различни предмети од разновиден необликуван и обликуванматеријал.



На работилниците кои претходеа на хепенинзите родителите изработуваа итвореа заедно со своето дете, ги купуваа изработките заедно со останатитеприсутни заинтересирани од надвор и гости кои присуствуваа на хепенинзите.

Родителите редовно беа запознавани со целта и дејноста напредучилишниот воспитно - образовен процес, со потребата од отвореност исоработка, начините на соработка и сл. За таа цел, покрај индивидуалнитесредби (особено со родителите на новопримените деца), на почетокот нагодината се одржаа средби со сите родители, каде се протолкуваа наведенитеелементи и се објасни новиот начин на работа со нив.
Флаерите, поканите, плакатите, медиумите и сл. и оваа година беа искористеникако механизам за комуникација и информирање на родителите.

**Дополнителна соработка со соработнците РРЦ**
Имплементацијата на проектот вклучи задолжителни работилници со родители со обучувано лице ангажирано преку РРЦ и со посебен водич и насоки за водење на дискусија со родители (следење на прирачник од РЕФ креиран од досегашната работна пракса со родители чии деца се згрижени во градинка)
Работилниците се одвиваа секој Четврток со почеток од 9 часот во просториите на градинката. Ова се датумите кога се реализираа родителските работилници:

Прва работилница 16.05.2019
Втора работилница 23.05.2019
Трета работилница 30.05.2019
Четврта работилница 06.06.2019
Пета работилница 13.06.2019
Шеста работилница 20.06.2019
Седма работилница 27.06.2019





**Секој вторник нашите корисници имаа можост да го посетат ново отворениот простор во рамки на РРЦ наречена како библиотека на играчки**
**се носеа деца во новиот простор а почесто си беа децата таму во придружба на своите родители**





Осмомартовска работилница со вредните татковци

На работилницата присуствуваа татковци , дедовци каде што нивната креативност и помош од децата се направија Честитки за нивните мајки и роднини.

Дел од изработката на Честитки од страна на родителите , децата и персоналот од градинката беа подарени во СУ,, Шаип Јусуф,, и Општина ,Шуто Оризари ,, - Скопје .

## ❖ Соработка со училишта

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, Градинката остварува соработка и со основните училишта во непосреднатаоколина.На почетокот на учебната година беше остварена средба на стручната службапри градинката со стручните служби при училиштата поединечно. Нејзината целбеше размена на искуство за начините на воспитно - образовното дејствувањеврз децата, неговите содржини, ефектите врз децата и сл. Воедно на тие средбистручните соработници се договараа за можните начини на соработката во текотна годината, разговараа за размена на стручна литература, сознанија и сл.

Во текот на годината беа овозможени посети на училишната зграда на СУ ,, Шаип Јусуф ,, , ОУ ,, Браќа Рамиз и Хамид ,, и 26-ти ,,Јули ,, на часови од различен тип, каде децата од големите групи постепено се подготвуваа запрестојното запишување во прво одделение.

Како пример на соработка со О.У оваа година може да се истакнесоработката со:

- О.У.”Браќа Рамиз и Хамид ”
- О.У.”26-ти- Јули”

Како пример на соработка со С.У оваа година може да се истакнесоработката со:

- СУ ,, Шаип Јусуф ,,

Во горе наведени посети се присуствувало или на школски час, илина одбележување на јубилеи или патрони празници.

## ❖ Совет на воспитувачи

Советот на воспитно - образовниот кадар дејствуваше во две насоки:

- усовршување на дејноста на градинката и
- стручно усовршување на членовите на Советот.

Состаноците ги одржуваше еднаш во месецот –а по потреба одржуваше групни и индивидуални - консултативни средби.

Стручното усовршување на кадарот се реализираше преку следните форми:
- консултации и разработка на стручна литература;
- теоретски предавања според однапред избрани теми;
- следење и анализирање на резултатите од работата;
- меѓусебна размена на искуства;
- учество во стручни форми на усовршување вон градинката;
- практично решавање на одредени ситуации;
-иновирање на дејноста.

Советот на воспитувачи со цел полесен пристап и полесна адаптација на децата во објектот организираа среија на работилници на почетоко од Септември со родителите.
Работилниците ги носе следните наслови:

- ШТО Е ГРАДИНКА
- Што претставува адаптацијата
- Времето поминато во градинка програма и активности
- Како родителите да му помогнат на детето да се прилагоди што побрзо
- Како да се победи бесот и размазеноста кај децата од предучилишна возраст

Целокупно земено, Советот на воспитувачи преку својата работа допринесе за унапредување на дејноста на градинката, воведување на иновативни елементи и успешна соработка како на интерно ниво, така и со надворешни лица, установи и институции.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Својата севкупна работа ја засноваше согласно законските одредби како и нормативните акти на Градинката, а во непосредна соработка со Министерството за труд и социјална политика на РМ, општината Шуто Оризари , како и со други стручни институции, воспитно - образовни асоцијации, стручни лица кои повремено и по укажана потреба беа консултирани.
Во својата работа директорот беше главен водач, организатор и координатор на целокупната работа во установата.
Конкретно, за изминатава 2018/2019 год. директорот на установата ги има реализирано, организирано, поттикнато, насочено и презентирано следниве активности:
Активно учествуваше, директно се инволвираше и практично делуваше во насока на содржинско осмислување на годишната програма за работа како и на сите други придружни планови на стручните тела и стручните работници во рамките на установата;
Директно инволвиран во изработката на предлог финансовиот план за работа (Буџет за 2018/2019г) со давање на конкретни и издржани предлози во која насока да се инвестират и насочуваат расположливите средства на установата;

Целосно се посвети на организирање и координирање на воспитно- образовната работа по групите, давајќи при тоа предност во ангажирањето на педагогот се со цел да се добие и постигне максимално добра организираност и ефикасност во работата;

Перманентно вршеше посети на воспитните групи комуницирајќи и соработувајќи непосредно и блиско со вработените, при тоа навремено согледувајќи ги и решавајќи ги сите новонастанати состојби;

Перманентно вршеше посети на групите, при тоа непосредно комуницираше со сите структури на кадарот и на лице место или со најкусо можно одложено делување ги решаваше сите спорни или проблематични состојби;

Остваруваше задолжителни разговори, консултации, советувања со работниците со цел да се подобрат констатираните недостатоци, а да се унапредува дејноста, иницираше , координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на воспитната функција на градинката и нејзината актуелност;

Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на установата пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за установата како пример за добро, успешно и одговорно работење;

Активно учество даде во одбирањето и осмислувањето на стручните предавања за вработените со цел истите подобро да се едуцираат и да се во тек со сите промени во практиката. Воспостави една успешна нишка на демократичност и отвореност во работењето со кое вработените имаат можност да се почувствуваат не само како извршители, туку пред се како креатори и творци(осмислувачи) на своето работење;

Во текот на годината во секое време овозможуваше прием на родители кои од најразлични побуди и потреби има потреба од разговор и консултација и при тоа во целост разговорите завршуваа со коректна разделба, убаво упатени и разменети совети и сл. ;

Во секое време покажуваше подготвеност за соработка како со општината, основните училишта така и со другите неформални градинки (центри) кои работат на територија на општината;

Даваше неопходна помош во организирањето и реализирањето на активностите од страна на негувателите и воспитувачите, запознавање со педагошката документација и давање насоки за нејзино правилно водење и континуирано следење на нивната стручна работа. воведе и електронско водење на педагошката документација;

Перманентно иницираше и спроведуваше аналитики од најразличен тип со цел да се следат состојбите во установата툴реално и понавремено;

Присуствуваше на сите седници на Управниот одбор, го информираше за состојбите, целокупната работа во ЈДГ и настојуваше да се реализираат донесените одлуки и заклучоци;

Ангажирање за дисциплина и одговорност на вработените за поуспешно извршување на работните задачи, за успешно, економично и рационално работење;

Имаше соработка со родителите вклучувајќи ги во органите на управување на ЈДГ, насочување за застапување на најадекватните форми на соработка, а исто така се организираше советодавна дејност за вклучување на родителите во одделни активности во градинката, заради подобрување на условите за работа;

Директорот се залагаше за подобрување на општите услови за работа, просторно опремување, тековно одржување, дополнување и обновување на дидактички и основни средства за успешно изведување на воспитно -образовниот процес и целокупниот живот на детето во градинката;

Одговорно, во текот на целата година водеше грижа за безбедноста и здравјето на вработените при работа;

Даваше активен и несебичен придонес од креативен и советодавен аспект при организацијата на многубројни активности кои установата ги реализираше како домаќин;

Вршеше и други пропратни работи кои произлегуваа со текот на работата,а беа во доменот на работата на директорот.

Директорката од детската градинка беше директно вклучена во следните активности

Активности поврзани со изградба на објектот(нов објект градинка) проект координиран преку УНДП за период по пожарот до Август 2019 се реализираа низа активности во кои активно беа вклучени преставници од општината Шуто Оризари и директорката на градинката

При имплементација на проектот се врши континуиран мониторинг од страна на УНДП. Низ сите фази и активности се повикувани општински претставници, претставници од градинката, МТСП и НВО сектор. Состаноци главно се поврзани со имплементација на проектот (презентација на идеен проект, работни средби на определени теми – машинство- зелен кров, посета на објект во градба,средби со УНДП, изведувач, надзор и проектант)

Од страна на општината и градинката во разни фази беа вклучени соодветни стручни лица:

- Експертски состанок за судбината на опожарениот објект
- Design Thinking 1 – за изработка на идеен проект - учество на градинката
- Презентација во општина на идеен проект учество на градинката
- Design Thinking 2 – за изработка на основен проект учество на градинката
- Посета на експерт од Чешка за Енергетска ефикасност
- Донаторска средба за дополнителни средства учество на градинката
- Состанок за ослободување од комуналии
- Потготовка на писмо за донација за микросеизмичка студија до ИЗЗИС
- Тековни состаноци и средби со службите за обезбедување на дозвола за градба
- Присуство на сите средби за време на тендерската постапка заедноо со заинтересираните понудувачи
- Состанок со избраниот понудувач и надзор пред започнување на работите
- Поставување на камен темелник учество на градинката
- Посета на објект за време на посета од донаторот учество на градинката
- Посета на објект со Постојаниот претставник на УНДП учество на градинката
- Присуство на стручни состаноци за зелен кров, машинска подстаница ... учество на градинката
- Средби поврзани со завршување на проектот- приклучок од ЕВН, опремување на градинка, реконструкција на тротоар и ограда од страна на општината, можности за поставување на инклузивно игралиште и друго

**Состаноци реализирани во извештајниот период се следни :**

- Место: Општина Шуто Оризари Датум: 19.12.2018 година Време: 14: 00-15: 30 часот

Основа на средбата : Кратки информации за тековните градежни работи

Планирани активности до крајот на договорот за работа и Предизвици поврзани со функционалноста на градинката - Фаза 1.

Заеднички активности за изнаоѓање средства за фаза 2

Присутни на состанокот
Нарин Сахакијан - постојан претставник а.и.
Курто Дудуш - градоначалник на општина Шуто Оризари
Фатима Османовска - претседател на советот на Општина Шуто Оризари
Сонѓул Ахмед Шабан - Раководител на градинка 8-ми април Шуто Оризари
Сузана Ахмети - директор за програма на УНДП
Урим Касапи - аналитичар на програмата на УНДП
Драган Ристовски - Проект менаџер

- **Место:** УНДП, Скопје **Датум**: 15 февруари 2019 **Време :** 12:00- 14:00
  **Предмет**: Разгледување на опции за машинската подстаница наГрадинката 8-ми Април во Шуто Оризари

**Присутни учесници на состанокот:**
Г-дин Тони Бошковски, Претставник на Унитим изведувач на машинство
Г-дин Драги Николовски, Претставник на Евроконсалт –стручен надзор
Г-дин Атанасовски Спиро, Претставник на Вако – ревидент на основниот проект
Г-ѓа Сонѓул Шабан Ахмед, Претставник од Градинка 8-ми Април Шуто Оризари
Г-ѓа Биљана Петрова, Претставник од Квадар - проектант
Г-дин Урим Касапи, Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)
Г-дин Драган Ристовски, Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)
Заклучок : Најквалитетен систем за експолоатација е системот со подземни пумпи (вода-вода) систем. Поради ризиците кај истиот како што е слаб хидропетенцијал или намалување на хидропотенцијалот во иднина се препорачува замена на системот со систем на воздушни пумпи (воздух -вода ) систем. Проектантото да направи предлог за системот на воздушни пумпи (воздух -вода )со соодветно димензионирање и локација за поставување на пумпите.
Врз основа на предлогот да се направи предмер кој би бил соодветен за распишување на тендер за изведба.
Оптимален период за имплементирање би бил 5 месеци, од кои доработка на техничката документација со пердмер еден месец, два месеци спроведувањ на тендерска постапка и избор на најповолен понудувач, два месеци набавка, монтажа и тестирање на системот.

- **Место:** УНДП, Скопје **Датум**: 06 Март 2019 **Време :** 11:00-
  **Предмет**: Предизвиците на зелениот кров на градинката

Работилницата се фокусира на составот на земјаниот и посадочниот материјал за зелениот кров како и насоки за квалитетно хортикултурно уредување на влезот во новата Градинка „8- ми Април“

- Место: Општина Шуто Оризари Датум: 28.03.2019 година Време почеток : 10: 00 часот
  **Предмет**: Завршување на градежните активности на градинката

Работилницата се фокусира на следните прашања:

Приклучување на градинката со електрична енергија, вода и приклучување на одводна мрежа
Плановите на општината за изградба на тротоари на ул. Јован Хаџи Шишков
Хортикултурно уредување во Фаза 1 и Фаза 2
Можности за изградба на инклузивно игралиште
Термин за предавање на објектот од изведувачот на работите на општината/ градинката
Административни процедури за завршување на објектот
Имплементација на грант за машинска подстаница

- **Место:** Детската градинка , **Датум**: 28 Мај 2019 **Време :** 10:30-

На состанокот се Утврди динамиката за комплетирање на Градинката 8-ми Април Шуто Оризари "
Динамиката на доставување на опрема од добавувачите наМТСП
Приклучување на објектот на вода и струја
Адаптација во просторот на кујнаа за потребите на новата опрема

- Место: Општина Шуто Оризари Датум: 20.05.2019 година Време почеток : 13: 45 часот

Состанок со надворешен евалуатор ангажиран преку УНДП

Проценка и оценување на влијанието и вклученоста на локалната самоуправа и корисниците на услугата проценка на координативните механизми за време на имплементација на проектот

- **Место:** Детската градинка , **Датум**: 03 Јули 2019 **Време :** 10:30-
  Интерен технички преглед записник потпишан од сите
- **Место:** Детската градинка , **Датум**: 16 Јули 2019 **Време :** 12:30-

Посета на објектот во присуство на градоначалникот Курто Дудуш и Нарин Сахакијан - постојан претставник а.и.

- **Место:** УНДП , **Датум**: 18 Јули 2019 **Време :** 09:30-
  Разгледување на предлог решението за поставување на инклузивно игралиште и дидактичко - забавни содржини на зелениот кров во Градинката 8-ми Април Шуто Оризари

  Во период од 15.07. 2019 до 09.08.2019 година се направи испорака на опремата нарачана преку МТСП во овој период активно присуствував во при секоја достава и примаче на испратници во присуство на преставник од МТСП

**Координативни состаноци повикани од страна на министерката на МТСП заедно со сите директори на детските градинки**

- **Место:** Даре Џамбаз , **Датум**: 25,12, 2018 **Време :** 12: 00-
- **Место:** Даре Џамбаз , **Датум**: 25,01, 2019 **Време :** 12: 00-
- **Место:** Клуб на пратеници , **Датум**: 23,07, 2019 **Време :** 10: 00-

**<u>Посета на работилници</u>**

- **<u>Место : Хотел Порта во Скопје</u> Датум**: 22.09./, 2018 **Време <u>11 часот</u>**

МТСП со УНИЦЕФ,организира еднодневна работилница на тема :"Постапка за обнова на лиценца на стручни лица во установите за деца"

- **Место:** ЈУОДГ„ Пролет„ – Карпош-Скопје , **Датум**: 01/11/, 2018 **Време : цел ден -**

тема „Културата и уметноста во предучилишните воспитно образовни установи„

- **Место:** Сакам да Занам„во ЈЗУ Амбуланта во Шуто Оризари, **Датум**: 30/11/, 2018 **Време :**

Тркалезна маса за придонес кон зајакнување на влијанието на ромските организации во процесите на политиката за елиминирање на процесни и административните пречки со кои се соочуваат Ромите без документи за лична идентификација.

**Интервјуа и состаноци**

- Реализирана рабона средба со Фатош Усеинова координатор на проектот „Градење на посилни локални мрежи за подобрување на заштитата на правата на децата Роми“.
  Целта на проектот е: Поддршка на постојните локални механизми и структури за координација надлежни за промовирање на интеграцијата на Ромите и унапредување на нивниот капацитет за воспоставување на функционални патеки за спроведување на иницијативи со цел заштита на ромските деца во согласност со националната и ЕУ рамка на политки кои се однесуваат на потребите за интеграција на Ромите.
- Средби и состаноци во *СОС* Советодавен Центар за родители и деца-Гази Баба Платформата. *за заштита на деца од злоупотреба реализирани на 23.11.2018*
- Завршната Конференција на Проектот Социјална инклузија на младите во Социјален Ризик под наслов ‘’ СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА ПОДОБАР ЖИВОТ ‘’. 17.04.2019
- На ден 19.04.2019 год (Петок) во 11 часот. се реализиа интервју со **г-дин.МустафаАсановски преставник на Европскиот Центар за малцински прашања** целта на разговорот беше да се идентификуваат предизвиците на родителите и децата при упис во образовните институции.

*Последовтелно се реализира средба со родителите каде се направи фокус група на иста тема*

- *На ден 01 Јуни бевме поканети на отворен ден на згрижувачки семејства средба реализирана од СОС детско село во Кинотека на РМ*

**Соработка со надворешни институци**

- *Потпишан меморандум за соработка со важност до 2021 година за подршка на партиципација за 126 деца од страна на РЕФ Општината и локалната организација РРЦ*
- Активен член на Платформата. *за заштита на деца од злоупотреба координирана од Детскот село СОС а вклучени повеќе од 10 владнин и невладини институции*
- Потпишан меморандум за соработка со Мировен корпус во Македонија и одобрена волонтерка за период од 2 години со ангажман од 1 ден во неделата.
- Потпишан меморандум со Професионален центра за едукација ,,Талмацибас'' од Латвија каде дозволивем во нашиот објект Да се исврши практична настава и размена на искуства со нивен вработен стручен работник Г-дин Андрис Тертас реализирана 240 часа практична настава во нашиот објект.
- **Меморандум за соработка со РЕФ за пилотирање на проект кој вклучува спроведување на ИДЕЛА алатка за проценка на моменталните способности на детето според посебни дизајнирани инструменти (алатна на Save the Children) ,**
  Овозможување на практична вежба на лица кои се обучуваа за користење на оваа алатка за процена на детските способности и вештини, и на крај во месец Мај спроведување на методологијата и тестирање на сите наши корисници.
- Потпишан меморандум за соработка со општина Шуто Оризари за практична работа односно проект преку УНДП и АВРМ за општокорисна работа практиканство

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ПЕДАГОГОТ

Како педагог во ЈОУД 8-ми Април – Шуто Оризари – Скопје ,својата работа ја реализирав согласно основите на програмата за работа на педагог во предучилишната установа како и Годишната програма за работа на Градинката. Работата на педагогот е составен органски и функционален дел од работата на Јавната установа за згрижување ,воспитание и образование во остварување на целта и задачите на предучилишното воспитание и образование. ..Една од најважните задачи на стручниот работник-педагог се состои во давање стручна помош на воспитувачите во толкувањето,натамошната разработка,творечката примена и проценка на воспитно-образовните ефекти на Програмата.
Во остварувањето на целта и задачите на предучилишното воспитание и образование,стручниот работник има исклучително значајна улога.Тој во непосредна соработка со истакнати воспитувачи дава голем придонес во преобразбата на натамошниот развој на предучилишното воспитание и образование како целосно стручна и поширока општествена грижа за децата од таа возраст.
Сите активности ги остварува во следниве подрачја на работа:
1.Учество во програмирањето и планирањето на воспитрно –образовната работа на предучилишната организација,
2.Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно –образовната работа со децата ,
3.Педагошко-инструктивна работа и соработка со воспитувачите со цел да се унапредува воспитно образовната дејност,
4.Воведување на современата образовна технологија,иновирање и модернизација на воспитно –образовната работа,
5.Следење на развојот и непосредната работа со деца,
6.Соработка и советодавна работа со родителите на децата,
7.Аналитичко-истражувачка работа во предучилишната организација.
8.Учество во соработка на стручните органи и стручното усовршување на воспитните кадри,
9.Соработка со стручните институции и општествената средина,
10.Индивидуално стручно усовршување.
Како педагог во ЈОУД 8-ми Април,, ги реализирав седните работни задачи:
-Изготвив годишен план и програма за сопствената работа.
-Учествував во изготвување на Годишниот извештај за работа на градинката за учебната 2018-2019год.
-Изготвив план и програма со примери и активности за летниот период.
-Учествував во глобалното и тековно планирање на воспитно –образовната работа на воспитувачите.
-Изготвував насоки и упатства за начинот на планирање и инструкции за реализирање на воспитно –образовната програма.
-Континуирано го следев процесот на планирање ,реализирање и евидентирање на воспитно –образовната работа во сите воспитни групи.
-Постојано го следев и давав соврти околу уредување на надворешниот и внатрешниот простор.правилниот распоред на центрите на активност,изборот на игровен и дидактички материјал,за содржините што се планираат дали одговараат на возраста на децата,го следев односот на децата и на возрасните кон децата.
-Како член на комисијата за упис на ново запишани деца учествував во нејзината работа иги изработив списоците за учебната 2019-2020год.

-Давав стручна помош на возрасните во работа со децата кај кои се забележуват специфичности во развојот и во таа насока заедно со воспитувачките на 8-ми Април
-Континуирано во текот на целата година го водев ДНЕВНИКОТ на установата,со содржини од случувања на животот на градинката.
-Секој месец изготвував извештај за просечна присутност на децата во сите објекти игрупи.
-Следев и навремено ги информирав воспитувачите за новите стручни публикации,давав помош за побрз проток и усвојување на стучните информации.
-Успешно соработував со Директорот на Градинката и заради усогласување на ставовите за организациони и стручни прашања.
-Успешно соработував со другите стручни работници и соработници надвор од установата,со цел унапредување и осовременување на воспитно –образовната работа и задоволување на развојните потреби на децата.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОСЛАВИ И МАНИФЕСТАЦИ

| Назив на прослава/манифестација | Цели на прославата/манифестација | Датум на реализација на настанот | Број на деца кои учествуваат во прославата/манифестација |
|---|---|---|---|
| Добердојдовте родители и деца | Запознавање на родителите и децата со градинката и олеснување на адаптацијата на децата во просторот | 03.09.2018 | 100 |
| Одбележување на денот на Општината | Запознавање и зачувување на општината | 12.09.2018 | 80 |
| Ден на независноста на РМ | Негување и развивање на чувството на љубов и почит кон својата држава РМ | 07.09.2018 | 100 |
| Детска недела | Запознавање со правата и обврските децата | 01.10.2018 | 100 |
| Денот на востанието -" 11 Октомври" на РМ | Развивање на чувството за почит кон сопствената држава РМ | 10.10.2018 | 100 |
| Денот на здрава храна | Запознавање на децата со здрави намирници за исхрана | 12.10.2018 | 100 |
| Одбележување на денот на гладот | Хуманитарно собирање на храна и донирање на истата | 16.10.2018 | 30 |
| Денот на ослободувањето на Скопје | Запознавање со Историјата на градот Скопје | 13.11.2018 | 80 |
| Дедомраз е во Шутка | Одбележување и негување на Новогодишни празници | 25.12.2018 | 100 |
| 8-Март денот на жената .Приредба во градинката од сите воспитни групи. | Одбележување на денот на мајката 8ми-Март | 08.03.2019 | 70 |
| Денот на театарот | Запознавање на децата со Театарски претстави. | 27.03.2019 | 60 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Маскенбал-дефиле | Одбележување на денот на шегата.Децата маскирани продефилираа во населбата. | 01.04.2019 | 70 |
| 8ми Април ден на Ромите - Патронат | Одбележуванје на денот на Ромите и Патронатен празник | 05.04.2019 | 85 |

**Во овој дел се презенриани слики од реализирани активности за овој извештаен период**




**Денот на шегата**






**(Одбележување на денот на Ромите 8-ми Април воедно и Патронатен празник на градинката )**




**Доделување на дипломи „ цивци матуранти„ приредба и свечен настан**





**Д) <u>Безбедност во Сообраќајот со припадници од СВР - Скопје</u>**





**Ѓ) <u>Соработка и донација од 1000 за надгледни материјали од страна на Градоначалникот на Нинберг – Германија</u>**





**Е ) <u>Посета на училиштето и запознавање со професијата кенлерство и угостителство и Посета на училиштето и запознавање со професијата фризерство ,каде што учениците од средното училиште им ги местеа косичките на нашите дечиња.</u>**





**Ж) <u>Социорекреативен карактер - Претстава со кловнови од странство на отворено одржана во дворот на ОУ „ 26 Јули „ во Шуто Оризари .</u>**




**Ѕ) <u>Соработка и спроведување искуства за работа со деца од предучилишна возраст со НВО „НАДЕЖ„</u>**

 

**И)<u>Состанок за понатамошна соработка со РРЦ, родители и Градинката во спроведување на заеднички активности за поуспешна реализација на Работилници.</u>**

## <u>РАБОТИЛНИЦИ</u>

  

### <u>Работилиници со родители твојата приказна</u>

Работилници со родителите се одвиваа на тој начин што беше ангажиран родител кој заедно со родителите разработуваа приказна и дискутираа заедно со присутните родителина крајот на секоја приказна се донесуваа заклучоци секој родител добиваше по една сликовница за дома кои можее дома со своите деца да ја разработуваат .
Вкупно вакви работилници беа одржани 3.

## <u>Д О Н А Ц И И</u>

**А)<u>Донирање на прочистувачи на возду</u>**





- **Донација од страна на градоначалникот на Општината „ Шуто Оризари„ Курто Дудуш кој покажа интерес и загриженост за најмалите да имаат почист воздух со донирање на шест прочистувачи на вაздух.**

**Б)** **<u>Соработка и донација од 1000 за надгледни материјали од страна на Градоначалникот на Нинберг – Германија</u>**





- **Донациите беа обезбедени во градот Нинберг – Германија во парични средства од 1000 евра за Дидактички материјали и играчки за деца се очекува префрлување на донаторската сметка на градинката**

## РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

**Управен добор**

Управниот одбор за овој извештен период реализира вкупно 5 работни средби со следните агенди на состаноците:

**На 22.10.2018** Состанокот го имаше следниот дневен ред:

- Разгледување и усвојување извештај за 2017/2018година на ЈОУДГ ;8-ми Април.
- Разгледување и усвојување на годишна програма 2018/2019 година на ЈОУДГ ;8-ми Април
- Разгледување на поднесени апликации за нови вработувања оглас за вработување на 4 негователки и 1 педагог
- Предлог за промена на правилникот за износ на надомест на трошоците за престој на деца во установата кој паѓа на товар на родителите/старателите
- Разно.

**На 19.11.2018** Состанокот го имаше следниот дневен ред:

1. Разлегдување и усвојување на предлог буџет за 2019 година на следните сметки:
    - 784016186790319
    - 784016186778714
    - 784016186778517
    - 784016186778521
2. Разно

**На 20.05.2019** Состанокот го имаше следниот дневен ред:

- Разгледување и усвојување на записник од последната средба
- Разгледување на донесена одлука на совет на родители за престанок на основот за именување на преставници на советот и номинирање на нови родители како членови на управен одбор
- Донесување на одлука за избор на нови членови на управен одбор преставници на совет на родители
- Разно

**На 10.06.2019** Состанокот го имаше следниот дневен ред:

- Разгледување и усвојување на записник од последната средба
- Давање на решенија за нови членови на управен одбор преставници на совет на родители
- Разгледување и усвојување на Правилник за систематизација на работни места

- Разгледување и усвојување на Органограм на установата
- Правилник за внатрешна организација на установата
- Разно

**<u>На 09.08.2019</u>** Состанокот го имаше следниот дневен ред:

- Промена на Статутот на градинката, и Печатите врз основа на одлука на влада донесена на 123 седница одржана на 25 Февруари 2019 година
- Разгледување и усвојување извештај за 2018/2019година на ЈОУДГ ;8-ми Април.
- Разгледување и усвојување на годишна програма 2019/2020 година на ЈОУДГ ;8-ми Април
- Разгледување и усвојување план за вработување за 2019 година на ЈОУДГ ;8-ми Април.
- Разно

За овој извештаен период претседател на управен одбор е Наташа Спасовска Јовановска

Број _

---------- 2019 година

Скопје

ДИРЕКТОР

___________________

Сонѓул Шабан Ахмед